**Понуда за преземање на акции издадени од ЖИТО ПОЛОГ АД Тетово**

Врз основа на член 16 и член 20 од Законот за преземање на акционерските друштва („Службен Весник на Република Македонија" бр. 69/2013, 188/2013, 166/2014, 166/2014, 154/2015, 23/2016, 248/2018 и „Службен Весник на Република Северна Македонија" бр. 31/2020), Брокерската куќа ИНВЕСТБРОКЕР АД Скопје, со седиште на ул. Истарска бр. 33, 1000 Скопје, во име и за сметка Друштво за производство, трговија и услуги ОРКА ХОЛДИНГ АД Скопје со седиште на ул. Скупи бр. 3 А, Скопје регистрирано во Централниот регистар на Република Северна Македонија со ЕМБС 5989876 (во продолжение:: „**Преземач**"), ја дава следната:

**П О Н У Д А З А П Р Е З Е М А Њ Е**

на 27596 обични акции со право на глас издадени од Друштво за производство на мелнички, пекарски и други производи и промет на мало и големо ЖИТО ПОЛОГ АД Тетово, со седиште на ул. Маршал Тито бр.134, Тетово, регистрирано во Централниот регистар на Република Северна Македонија со ЕМБС 4037634 (во продолжение: „**ЖИТО ПОЛОГ АД Тетово**").

**1) Хартии од вредност на кои се однесува Понудата за преземање:**

Понудата за преземање се однесува на 27596 обични акции со право на глас издадени од ЖИТО ПОЛОГ АД Тетово, со ISIN број: MKZPOG101018, кои претставуваат 49,28% од вкупниот број на издадени обични акции со право на глас.

Понудата за преземање се прифаќа од страна на имателите на обични акции издадени од ЖИТО ПОЛОГ АД Тетово со писмена Изјава за прифаќање на Понудата за преземање, која е составен дел на Проспектот за преземање, објавен на интернет страницата на Македонската берза (www.mse.mk).

**2) Понудата за преземање се однесува на сите акционери кои поседуваат обични акции со право на глас издадени од ЖИТО ПОЛОГ АД Тетово. Преземачот се обврзува да ја купи секоја обична акција со право на глас издадена од ЖИТО ПОЛОГ АД Тетово, во согласност со пропишаните и објавените услови.**

**3) Цената по која Преземачот се обврзува да ги откупи хартиите од вредност:**

Преземачот се обврзува да ги откупи акциите на кои се однесува Понудата за преземање по цена од 2.266,00 денари по акција.

Понудената цена од 2.266,00 денари за една акција е утврдена врз основа на член 14 став 3 од Законот за преземање на акционерските друштва, односно понудена е просечната цена постигната на Македонската берза во последните 12 месеци пред известувањето за намерата за преземање, кое е објавено на 23.11.2023 година.

Преземачот нема да ги покрива трошоците на имателите на обични акции издадени од ЖИТО ПОЛОГ АД Тетово кои ќе ја прифатат Понудата за преземање. На секој имател кој ќе ја прифати Понудата за преземање ќе му се наплатат трансакционите провизии наведени во точка 5.1.6 од Проспектот за преземање, објавен на веб страната на Македонската берза на хартии од вредност www.mse.mk, во делот Објави согласно закон.

**4) Рок и начин на плаќање на хартиите од вредност за кои е дадена Понудата за преземање:**

Преземачот на Централниот депизтар за хартии од вредност планира да му предаде банкарска гаранција согласно член 34 став 4 од Законот за преземање на акционерските друштва.

Централниот депозитар за хартии од вредност е должен, во рок од 8 (осум) дена по приемот на решението од Комисијата за хартии од вредност со кое се утврдува успешноста на Понудата за преземање, во име и за сметка на Преземачот, да ја исполни паричната обврска кон имателите на акции кои ја прифатиле Понудата за преземање.

Плаќањето на паричните средства на секој имател на акции кој ќе ја прифати Понудата за преземање ќе се изврши на трансакциска сметка во деловна банка во земјата, за која ќе го извести Централниот депозитар за хартии од вредност со Изјавата за прифаќање на Понудата за преземање.

**5) Датум на започнување и датум на завршување на рокот за прифаќање на Понудата за преземање од страна на сопствениците на хартиите од вредност:**

Рокот за прифаќање на понудата за преземање започнува да тече на денот на објавување на понудата за преземање и завршува 28 календарски денови по започнувањето на рокот за прифаќање на понудата за преземање.

Рокот за прифаќање на понудата за преземање започнува на 20.02.2024 година, а завршува на 18.03.2024 година.

**6) Праг на успешност на Понудата за преземање**

Преземачот нема утврдено праг на успешност, односно најмалата количина на обични акции со право на глас која треба да биде прифатена за понудата за преземање да се смета за успешна.

**7) Услов за раскинување на Понудата за преземање**

Понудата за преземање е дадена без услови за раскинување од член 17 од Законот за преземање на акционерските друштва, бидејќи за стекнување на хартиите од вредност кои се предмет на Понудата за преземање, покрај дозволата за понуда за преземање од Комисијата за хартии од вредност, не е потребна претходна дозвола или претходна согласност на друг надлежен орган.

**ИНВЕСТБРОКЕР АД Скопје**
**Директор**
**Филип Петрушевски**

Брокерска куќа ИНВЕСТБРОКЕР А.Д. Скопје акционерско друштво